Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 02-286/1
05. 02. 2024 год.
ОБЛЕШЕВО

Врз основа на член 4, 24, 25, 26, 27, 28, 29 и член 67 од Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост и ствари во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21) и Одлуката за спроведување на постапка за јавно надавање за продажба на дел од деловен простор сопственост на општина Чешиново-Облешево во село Спанчево број 08-2096/1 од 26.12.2023 година („Службен гласник на Општина општина Чешиново-Облешево“ бр.15/23), а во согласност со Извештај за процена на пазарна вредност на деловни објекти со бр.03-195/1 од 30.06.2023 година на ДПСУ „Рацио груп“ ДООЛ Куманово, Комисијата за недвижни и движни ствари формирана од Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево, објавува:

ОБЈАВА БР. 01/2024
за продажба на недвижен имот - објект по пат на ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДАВАЊЕ
(прва објава)

1. ПРЕДМЕТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНОТО НАДАВАЊЕ

Предмет на електронското јавно надавање е продажба на недвижен имот – дел од деловен објект, евидентиран на КП 5494 дел 1 КО Спанчево во Имотен лист 1245

2. ПОДАТОЦИТЕ ЗА НЕДВИЖНИОТ ИМОТ-ДЕЛ ОД ОБЈЕКТОТ КОЈ СЕ ПРОДАВА

- Имотен лист бр. 1245 КО Спанчево. **Земјиштето под објектот не е предмет на продажба.** За катастарската парцела не постои урбанистички план или урбанистичко планска документација

Ред бр.	Улица и број	Опис на објектот	Површина на објектот	Банкарска гаранција 2%	Вкупна почетна цена на недвижниот имот	Почеток/ час на аукцијата
1	Ул.„Маршал Тито“ бр. Спанчево	Број на зграда 1, влез 2, ПР, број 2, намена ДП, Б1-17 на КП 5794 дел 1 КО Спанчево	47 м2	11.330,70 денари	566.535,00 денари	10,00 часот
2	Ул.„Маршал Тито“ бр. Спанчево	Број на зграда 1, влез 3, ПР, број 3, намена ДП, Б1-17 на КП 5794 дел 1 КО Спанчево	80 м2	19.246,30 денари	962.315,00 денари	11,00 часот
3	Ул.„Маршал Тито“ бр. Спанчево	Број на зграда 1, влез 4, ПР, број 4, намена ДП, Б1-17 на КП 5794 дел 1 КО Спанчево	39 м2	9.135,28 денари	456.764,00 денари	12,00 часот

3. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на електронското јавно надавање имаат сите заинтересирани домашни и странски физички и правни лица кои можат да се стекнат со право на сопственост на недвижни ствари во земјата согласно со закон и кои ги исполнуваат условите дадени во објавата.

4. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Заинтересираните правни и физички лица електронски поднесуваат Пријава за учество на јавното наддавање, која треба да ги содржи сите податоци и докази утврдени во објавата. **(За да може да поднесе пријава за учество заедно со доказите утврдени со објавата секое физичко и правно лице треба претходно да се регистрира на страната www.e-stvari.mk).** Доколку понудувачот веќе учествувал во постапките по претходни објави и спроведени електронски јавни наддавања спроведени преку овој систем за него сеуште важат претходно автоматски доделените корисничко име и лозинка – од учество во постапка која ја спроведувала било која општина.

Доказите кои е потребно да се достават кон Пријавата за електронското јавно наддавање, регистрираното лице е должно да ги прикачи во системот во скенирана копија на оригиналот во PDF формат, и тоа:

- Изјава со која што ги прифаќаат условите што се дадени во објавата.
- Изјава за давање согласност за користење и обработка на личните податоци.

- Банкарска гаранција за сериозност во висина од 2% од проценетата вредност на стварта, за учество на јавното наддавање. Покрај електронски банкарската гаранција за сериозност треба во оригинал да се достави и до Комисијата за располагање на недвижни и движни ствари на Општина Чешиново-Облешево на адреса ул.„Маршал Тито“ бр.17, Облешево до крајниот рок за поднесување на понуди/пријави определен во оваа објава. **Недоставувањето на банкарската гаранција во писмена форма до комисијата ја прави пријавата неприфатлива и истата ќе биде одбиена.**
- Доказ за идентитет
  -за физички лица-копија од лична карта или патна исправа
  -за домашни правни лица-Тековна состојба од Централен регистар на РСМ (не постара од шест месеци)
  -за странски правни лица-доказ за регистрација од соодветниот регистар на земјата каде се регистрирани (не постара од шест месеци).
- Е-маил адреса на поднесувачот на пријавата, преку која што ќе се врши постапката на регистрирање за учество во јавното електронско наддавање на која што ќе им биде испратено корисничкото име и шифрата за пристап на интернет страницата на која што ќе се одвива електронското јавно наддавање.

Комисијата по приемот на пријавите утврдува дали се доставени во определениот рок и дали се комплетирани согласно со условите во објавата по што ги известува подносителите на пријавите по електронски пат.

4.1 ПОЧЕТНА ЦЕНА

Вкупна проценета вредност на недвижната ствар од табеларниот приказ ред.бр.1 изнесува 566.535,00 денари. ред.бр.2 изнесува 962.315,00 денари и под ред.бр.3 изнесува 456.764,00 денари

5. БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА ЗА СЕРИОЗНОСТ

Банкарската гаранција за сериозност на понудата за учество на електронското јавно наддавање за недвижноста предмет на продажба изнесува 2% од проценетата вредност на недвижната ствар и износот е утврден во табеларниот преглед даден во оваа објава.
Банкарската гаранција се доставува задолжително за секој објект кој е предмет на продажба.

Времетраење на банкарската гаранција: Банкарската гаранција треба да биде со времетраење од најмалку 60 дена сметано од крајниот рок за поднесување на пријави. Во случај на прекин/мирување на постапката, Општина Чешиново-Облешево може да побара од понудувачот во определен рок да ја продолжи важноста на банкарската гаранција. Доколку понудувачот не ја продолжи важноста на банкарската гаранција неговата понуда/пријава ќе биде отфрлена како неприфатлива и несериозна, без разлика во која фаза на постапката се наоѓа понудувачот како учесник во постапката. Банкарската гаранција треба да биде издадена во македонски денари од банка која што работи и врши банкарски активности во земјата.

Банкарската гаранција за сериозност на понудата за учество на јавното наддавање се враќа на подносителот на пријавата во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање, а банкарската гаранција на најповолниот понудувач му се враќа во рок од 15 работни дена по извршената уплата на цената за продажба на недвижната ствар.

6. РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Пријавите за учество на електронското јавно наддавање се доставуваат во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот, заклучно со ден **22.02.2024 година до 10 часот**, во електронска форма на следната интернет страница www.e-stvari.mk

Електронското јавно наддавање за продажба на недвижен имот - објект од табелата под реден бр.1, 2 и 3 ќе се одржат на интернет страницата www.e-stvari.mk на ден **26.02.2024 година со почеток во 10.00 часот.**

7. ПОСТАПКА

Постапката за електронското јавно наддавање за продажба на недвижен имот - објект во сопственост на Општина Чешиново-облешево ја спроведува Комисијата за недвижни и движни ствари на Општина Чешиново-Облешево.

Јавното наддавање започнува со објавување на вкупната почетна цена на недвижната ствар и се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците. Јавното наддавање ќе се одржи доколку по објавата се пријавил и само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во објавата и ја прифати почетната цена.

Во првите пет минути од јавното наддавање учесниците можат да ја прифатат, односно зголемуваат цената на недвижнаа ствар. Јавното наддавање се смета за завршено во моментот на

истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните две минути од определеното време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда. Јавното наддавање продолжува неограничено се додека во временски интервал од две минути има нова понуда.

Доколку во првите пет минути од јавното наддавање не е прифатена понудата, односно не е дадена повисока понуда од учесникот на јавното наддавање, вредноста на недвижната ствар се намалува за 2% од проценетата вредност по што учесниците на јавното наддавање повторно ќе имаат можност да ја прифатат односно да ја зголемуваат цената на недвижната ствар без притоа да се ограничува минималниот чекор на зголемување. Доколку во истекот на последните две минути од вторите пет минути од јавното наддавање од страна на учесниците е прифатена понудата, односно дадена е повисока понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема дадено нова понуда. Доколку во времетраење од 5 минути повторно нема понуда, вредноста на недвижната ствар повторно се намалува за 2% од првичната проценета вредност.
Намалувањето на вредноста на недвижната ствар во текот на наддавањето, доколку станува збор за објава по вторпат може да биде најмногу до 30%, доколку на јавното наддавање се пријавил само еден заинтересиран учесник, а доколку се пријавиле двајца или повеќе учесници, намалувањето на вредноста на недвижната ствар може да биде до најмногу 50% од проценетата вредност.

Комисијата по завршувањето на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање кој се доставува до сите учесници на јавното наддавање. За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој понудил последна цена која претставува највисока цена за продажба на недвижната ствар.

Најповолниот понудувач во рок од 15 дена од приемот на писменото известување за избор е должен да ги уплати средствата согласно постигнатата крајна цена за продажба на недвижниот имот-објект на сметка на Општина Чешиново-Облешево, а доколку не ги уплати во овој рок нема да се пристапи кон склучување на договорот, банкарската гаранција ќе биде активирана, а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните недвижни ствари.

По завршувањето на постапката за јавно наддавање, со најповолниот понудувач, во рок од 15 (петнаесет) работни дена по извршената уплата на цената на недвижните ствари, Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево, склучува договор за продажба на недвижната ствар во писмена форма согласно со одредбите од Законот за облигациони односи. По склучувањето на договорот купувачот во рок од 30 дена истиот го доставува кај нотар заради вршење на солемнизација. Нотарските трошоци и данокот на промет се обврска на најповолниот понудувач/купувачот.

Учесниците имаат право на приговор само по однос на постапката на јавното електронско наддавање, во рок од три (3) дена од одржувањето на јавното наддавање до Комисијата која одлучува по приговорот со решение во рок од пет (5) дена од приемот на приговорот.

Против решението на Комисијата може да се изјави жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

Комисијата за недвижни и движни ствари
на Општина Чешиново-Облешево

Претседател Анета Зашов
Заменик член Наташа Серафимова
Член Ивана Миленкова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Оригинал

_____

место за арх.заверка од понудувачот (за правното лице)

Прилог 1- ОБРАЗЕЦ НА ПРИЈАВА (понуда)

Врз основа на **Објавата бр.01/2024 за продажба на недвижен имот - објект по пат на ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДАВАЊЕ (прва објава)** кое електронско јавно наддавање кое ќе се оддржи на интернет страницата http://www.e-stvari.mk/ , ја поднесуваме следнава:

ПРИЈАВА (понуда)

1.Име на понудувачот: _____
(назив на правното лице според тековна состојба или име, татково име и презиме на физичкото лице)

2. Контакт информации

Седиште/адреса: _____

Телефон: _____моб.тел._____

Факс: _____

Е-пошта за корисничко име и шифра за учество на јавно наддавање: _____

Лице за контакт: _____

3. Одговорно лице (управител):_____

4. Даночен број: _____ЕМБС _____

5. ЕМБГ: _____

6. Жиро сметка за правно лице /трансакциска с-ка за физичко лице_____

7. Банка : _____

8. Изјава за давање согласност за користење и обработка на личните податоци на понудувачот и одговорното лице на понудувачот заради учество во постапката на Општина Чешиново-Облешево по **Објавата бр.01/2024 за продажба на недвижен имот - објект по пат на ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДАВАЊЕ (прва објава)**, прилог 3.

9. Изјава за прифаќање на условите и барањата од **Објавата бр.01/2024 за продажба на недвижен имот - објект по пат на ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДАВАЊЕ (прва објава)**, прилог 2.

10. Образец на пријава (понуда) – прилог 1. Пријавата ја поднесуваме за следниот објект под реден број- (задолжително да се означи / штиклира на јасен и недвосмислен начин објектот/те за кој заинтересираната страна ја поднесува оваа пријава):

Реден број	**Предмет на продажба, опис на недвижната ствар**	**Да се наведат податоци за банкарската гаранција која понудувачот ја доставува** *(2% од проценетата вредност на недвижната ствар)*
1.	Општина Чешиново-Облешево е сопственик на недвижна ствар - објект, евидентиран на КП 5794/1 КО Спанчево во Имотен лист 1245 и тоа со површина од 47м2, приземје, влез 2	Износ во МКД:_____ Дата на издавање._____ Рок на важност од :_____ Рок на важност до :_____ Напомена: **рокот на важност на банкарската гаранција треба да биде најмалку 60 дена.**
2.	Општина Чешиново-Облешево е сопственик на недвижна ствар - објект, евидентиран на КП 5794/1 КО Спанчево во Имотен лист 1245 и тоа со површина од 80м2, приземје, влез 3	Износ во МКД:_____ Дата на издавање._____ Рок на важност од :_____ Рок на важност до :_____ Напомена: **рокот на важност на банкарската гаранција треба да биде најмалку 60 дена.**
3.	Општина Чешиново-Облешево е сопственик на недвижна ствар - објект, евидентиран на КП 5794/1 КО Спанчево во Имотен лист 1245 и тоа со површина од 39м2, приземје, влез 4	Износ во МКД:_____ Дата на издавање._____ Рок на важност од :_____ Рок на важност до :_____ Напомена: **рокот на важност на банкарската гаранција треба да биде најмалку 60 дена.**

Место и датум **Одговорно лице / Име и Презиме**

_____ _____

(потпис и печат)

Напомена***: Пријавата за учество на јавното наддавање се поднесува електронски и треба да ги содржи сите податоци и докази кои се утврдени во објавата за електронско јавно наддавање освен банкарската гаранција за сериозност на понудата која треба да се достави и во писмена форма.

Прилог 2 - Изјава за прифаќање на условите и барањата од **Објавата бр.01/2024 за продажба на недвижен имот - објект по пат на ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДАВАЊЕ (прва објава).**

ИЗЈАВА

за прифаќање на условите и барањата од **Објавата бр.01/2024 за продажба на недвижен имот - објект по пат на ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДАВАЊЕ (прва објава)**

Јас,

_____

(Име и Презиме на одговорно лице (управител) на правното лице или Име и Презиме на физичкото лице)

со седиште/адреса_____

под морална, материјална и кривична одговорност со потпишувањето на оваа изјава доброволно изјавувам дека ги прифаќам во целост условите и барањата од **Објавата бр.01/2024 за продажба на недвижен имот - објект по пат на ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДАВАЊЕ (прва објава).**

Место и датум **Одговорно лице / Име и Презиме**

_____ _____

(потпис и печат)

<u>Прилог 3 -</u> Изјава за давање согласност за користење и обработка на личните податоци на понудувачот и одговорното лице на понудувачот заради учество во постапката на Општина Чешиново-Облешево по **Објавата бр.01/2024 за продажба на недвижен имот - објект по пат на ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДАВАЊЕ (прва објава).**

ИЗЈАВА
за давање согласност за користење и обработка на личните податоци
на понудувачот и одговорното лице на понудувачот

Јас,

_____

(Име и Презиме на одговорно лице (управител) на правното лице или Име и Презиме на физичкото лице)

со седиште/адреса

на_____

во својство на одговорно лице на правното

лице:_____

под морална, материјална и кривична одговорност со потпишувањето на оваа изјава доброволно изјавувам дека давам изречна согласност Општина Чешиново-Облешево (Комисијата за недвижни и движни ствари формирана од Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево) да може да ги користи, обработува и чува моите лични податоци (и личните податоци на правното лице) заради учество во постапката на Општина Чешиново-блешево по **Објавата бр.01/2024 за продажба на недвижен имот - објект по пат на ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДАВАЊЕ (прва објава)**, објавена од Општина Чешиново-Облешево.

Место и датум **Одговорно лице / Име и Презиме**

_____ _____

(потпис и печат)